**МАКЕДОНИЈА Осигурување АД Скопје – Виена Иншуренс Груп**
**MAKEDONIJA Insurance JSC Skopje – Vienna Insurance Group**

# ИЗВЕШТАЈ

**за работењето на Управниот одбор за периодот од 01.01.2025 до 31.12.2025 година**

# REPORT

**on the operations of the Management Board for the period from 01.01.2025 till 31.12.2025**

| | |
|---|---|
| **Име на документот:**<br>**Document Name** | Извештај за работењето на Управниот одбор за периодот од 01.01.2025 до 31.12.2025<br>Report on the operations of the Management Board for the period from 01.01.2025 till 31.12.2025 |
| **Верзија:**<br>**Version** | 1.0 |
| **Датум:**<br>**Date** | 02.03.2026 |
| **Сопственик на документот:**<br>**Owner** | Управен одбор<br>Management Board |
| **Име на фајлот:**<br>**File Name** | MB Report 2025 |
| **Делокруг:**<br>**Scope** | Управен одбор<br>Management Board |
| **Се дистрибуира до:**<br>**Distribution List** | Надзорен одбор, Собрание на акционери<br>Supervisory Board, Shareholder Meeting |
| **Објавен на:**<br>**Publication** | Електронска пошта<br>Email |

## ИСТОРИЈА НА ДОКУМЕНТОТ

## DOCUMENT HISTORY

### Верзии

### Version

| Верзија<br>Version | Сопственик<br>Owner | Измена<br>Amendment | Датум<br>Date |
|---|---|---|---|
| **1.0** | Management Board | / | 02.03.2026 |

### Одобрувања

### Approvals

| Верзија<br>Version | Датум<br>Date | Примена од<br>Applicable from | Одобрено од<br>Approved by |
|---|---|---|---|
| **1.0** | ___.04.2026 | ___.03.2026 | Надзорен одбор<br>Supervisory Board |
| **1.0** | ___.06.2026 | ___.03.2026 | Собрание на акционери<br>Shareholders Meeting |

| **Соджина** | **Table of Content** |
|---|---|
| | |
| 1. Општи информации | 1. General Information’s |
| 2. Функција на Управниот одбор | 2. Management Board Function |
| 3. Работа на Управниот одбор | 3. Operations of the Management Board |
| 4. Заклучок | 4. Conclusion |
| | |

Согласно член 352 став 1 од Законот за трговски друштва, член 37 од Статутот на МАКЕДОНИЈА Осигурување АД Скопје – Виена Иншуренс Груп (Друштвото), Управниот одбор ќе достави до Надзорниот одбор на Друштвото следниот:

**ИЗВЕШТАЈ**
**за работењето на Управниот одбор**
**за периодот од 01.01.2025 до 31.10.2025**

**1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ**

Управниот одбор на Друштвото е одговорен за водење на работењето на Друштвото и обезбедување целосна усогласеност со важечкото законодавство и воспоставената рамка за управување со ризици.

Неговите одговорности вклучуваат следење на деловните ризици, водење на точна деловна евиденција и сметководствена документација, евалуација на билансните ставки и подготовка на периодични и годишни извештаи. Организациската структура и функционирањето на Управниот одбор се целосно усогласени со релевантните регулаторни барања.

Управниот одбор на Друштвото во периодот од 01.01.2025 до 31.12.2025 година ги презеде сите потребни дејствија и активности за ефикасно и ефективно извршување на деловните задачи на Друштвото во однос на управувањето и постигнувањето на позитивни резултати од дејностите за неживотно осигурување и реосигурување.

Во фокусот на вниманието во предметниот период беше ефикасното и ефикасното управување со Друштвото.

Управниот одбор на Друштвото во текот на 2025 година одржа 44 седници (од седница 585-та до седница 628-та), на кои беа дискутирани и одобрени одлуки во однос на редовното работење на Друштвото, како и за исполнување на обврските од одредбите од позитивните прописи, посебно одредбите од Законот за супервизија на осигурување и подзаконските акти на Агенцијата за супервизија на Осигурување.

Со измените на Статутот на Друштвото на 09 јули 2024 година, составот на Управниот одбор беше проширен на пет члена. Согласно Решение донесено од Надзорниот одбор на Друштвото на 19 Ноември 2024 година, соодветната промена беше регистрирана во Трговскиот регистар. Од тој датум, Управниот одбор работеше во следниот состав:

According to Article 352 paragraph 1 of the Law on trade companies, Article 37 of the Statute of the MAKEDONIJA Insurance JSC Skopje – Vienna Insurance Group (The Company), the Management Board shall submit to the Supervisory Board of the Company the following:

**REPORT**
**on the operations of the Management Board**
**for the period from 01.01.2025 till 31.12.2025**

**1. GENERAL INFORMATION**

The Management Board of Company is responsible for directing the Company's operations and ensuring full compliance with applicable legislation and the established risk management framework.

Its duties include monitoring business risks, maintaining accurate business records and accounting documentation, evaluating balance sheet items, and preparing both periodic and annual reports. The organizational structure and functioning of the Management Board are fully aligned with relevant regulatory requirements.

The Management Board of the Company during the period from 01.01.2025 to 31.12.2025 has undertaken all necessary actions and activities to accomplish the business assignments of the Company effectively and efficiently in terms of management and achievement of the positive underwriting results for non-life insurance businesses and reinsurance.

In focus in the respective period was the management of the Company effectively and efficiently.

The Management Board of the Company during 2025 held 44 meetings (from session 585$^{th}$ to session 628$^{h}$), where resolutions were discussed and approved in terms of the regular operating activities of the Company, and for accomplishing the obligations by the provisions from the local legislation, especially by the Law on Insurance Supervision and the bylaws issued by the Insurance Supervision Agency.

Following the amendments to the Company's Statute on 09 July 2024, the composition of the Management Board was expanded to five members. Pursuant to a Resolution adopted by the Supervisory Board on 19 November 2024, the corresponding change was registered in the local Company Register. As of that date, the Management Board was operating in the following composition:

- **Г-дин Бошко Андов**,
  Претседател на Управниот одбор;
- **Г-дин Климе Попоски**,
  Потпретседател на Управниот одбор;
- **Г-ѓа Весна Ѓорчева**,
  Член на Управниот одбор;
- **Г-ѓа Татјана Димов**,
  Член на Управниот одбор;
- **Г-дин Озрен Марјановиќ**,
  Член на Управниот одбор.

По усвојувањето на соодветната Одлука од страна на Надзорниот одбор, беше извршено соодветна промена на податоците во Трговскиот регистар при Централниот регистар на РСМ. Поточно, односно формално беше евидентирана оставката на Г-дин Климе Попоски, Потпретседател и Член на Управниот одбор. Од 03.06.2025 година, Управниот одбор на Друштвото работи во следниот состав:

- **Г-дин Бошко Андов,**
  Претседател на Управниот одбор;
- **Г-ѓа Весна Ѓорчева,**
  Член на Управниот одбор;
- **Г-ѓа Татјана Димов,**
  Член на Управниот одбор;
  **Г-дин Озрен Марјановиќ,**
  Член на Управниот одбор.

## 2. ФУНКЦИЈА НА УПРАВНИОТ ОДБОР

Во текот на 2025 година, Управниот одбор постојано ги следеше клучните оперативни индикатори за Друштвото, вклучувајќи ја ликвидноста и маргината на солвентност на Друштвото, обемот на законските резерви утврдени со Закон за супервизија на осигурување како најважни елементи за мерење на успешноста на работењето на Друштвото, соодветноста на техничките резерви и ефективноста на процесите на осигурување и обработка на штети. Овие елементи се од суштинско значење за обезбедување стабилно и успешно работење. За да ја одржи и зајакне пазарната позиција на Друштвото, Управниот одбор внимателно ги следеше случувањата во осигурителната индустрија, редовно разгледувајќи ги пазарните анализи и оперативните извештаи на другите друштва за осугурување, презентирани од супервизорот на пазарот на осигурување и Националното биро за осигурување. Особено внимание беше посветено на обезбедување усогласеност со релевантната законска регулатива што го регулира осигурителниот сектор, што останува приоритет за Управниот одбор.

- **Mr. Bosko Andov**,
  President of the Management Board.
- **Mr. Klime Poposki**,
  Vice president of the Management Board.
- **Ms. Vesna Gjorceva**,
  Member of the Management Board.
- **Ms. Tatjana Dimov**,
  Member of the Management Board.
- **Mr. Ozren Marjanovic**,
  Member of the Management Board.

After the adoption of the relevant resolution by the Supervisory Board, an appropriate update was made in the Trade Register at the Central Register of the RoNM. Specifically, the resignation of Mr. Klime Poposki, Vice-President and Member of the Management Board was formally recorded. As of 03.06.2025, the Management Board of the Company operates in the following composition:

- **Mr. Bosko Andov**,
  President of the Management Board.
- **Ms. Vesna Gjorceva**,
  Member of the Management Board.
- **Ms. Tatjana Dimov**,
  Member of the Management Board.
- **Mr. Ozren Marjanovikj**,
  Member of the Management Board.

## 2. MANAGEMENT BOARD FUNCTION

Throughout 2025, the Management Board consistently monitored key operational indicators, including the Company's liquidity and solvency margin, the volume of statutory reserves determined by the local Law on Insurance Supervision as the most important elements of the successful operation of the Company, the adequacy of technical provisions, and the effectiveness of underwriting and claims handling processes. These elements are essential for ensuring the Company's stable and successful performance. To maintain and strengthen the Company's market position, the Management Board closely followed the developments in the insurance industry, regularly reviewing market analyses and operational reports of other insurers as presented by the insurance regulatory authority and the National Insurance Bureau. Particular attention was given to ensuring compliance with relevant legislative governing the insurance sector, which remain a priority for the Management Board.

Согласно одредбите од Законот за трговски друштва, како и овластувањата доделени на членовите на Управниот одбор со Статутот на Друштвото (и Правилникот за работењето на Управниот одбор на Друштвото, со кои тие ги постигнуваат целите за управување), Управниот одбор во текот на извештајниот период изврши активности во однос на:

- Управување со Друштвото.
- Донесување на деловни акти во рамките на утврдената деловна политика.
- Контрола и управување со ризици.
- Контрола и управување со усогласеност.
- Спроведување на финансиските планови и програми на Друштвото.
- Комуникација со органи, судови и други правни лица и соработници.

Во текот на 2025 година, Управниот одбор, дејствувајќи во рамките на своите овластувања, презеде низа активности, вклучително и донесување одлуки и издавање документи што ги регулираат деловните политики и стратешката насока на Друштвото. Сите активности беа спроведени во согласност со важечките прописи. Управниот одбор, исто така, ги спроведе сите потребни подготвителни мерки за поддршка на ефикасното функционирање и на внатрешната ревизија и на Надзорниот одбор. Навремената комуникација со Надзорниот одбор обезбеди оперативна ефикасност и го зајакна процесот на надзор. Во текот на целиот извештаен период, Управниот одбор обезбеди целосна поддршка на сите организациски оддели, единици и вработени вклучени во разни проекти и процедури. Исто така, одржуваше активна комуникација со заинтересирани страни, придонесувајќи за непречено и усогласено работење на Друштвото.

Сите одлуки на Управниот одбор во 2025 година беа донесени преку транспарентна постапка и поткрепени со потребната документација. Сите одлуки донесени од страна на Управниот одбор имаат соодветна правна, економска и корпоративна основа. За секој состанок беа изготвени записници кој се соодветно потпишани од членовите на Управниот одбор, во согласност со локалните законски барања. Активностите на Управниот одбор значително придонесоа за успешното и профитабилно работење на Друштвото во текот на целата година.

Сите одлуки и заклучоци презентирани од Управниот одбор, заедно со придружната документација, се наоѓаат во седиштето на Друштвото, кое се наоѓа на улица „11 Октомври 25“, Скопје.

According to provisions of the Trade Companies Law as well as the authorities granted to members of the Management Board by the Statute of the Company (and the Management Board Bylaws wherewith they reach the objectives about management, the Management Board carried out the activities during the reporting period in terms of:

- Management of the Company.
- Issuance of business acts within the established business policy.
- Risk control and management.
- Compliance control and management.
- Execute the company's financial plans and programs.
- Communication with authorities, courts, and other legal entities, and associates.

During 2025, the Management Board, acting within its authority, undertook a series of activities including the adoption of resolutions and issuance of documents governing the Company’s business policies and strategic direction. All actions were carried out in accordance with applicable regulations. The Management Board also executed all necessary preparatory measures to support the effective functioning of both the internal audit and the Supervisory Board. Timely communication with the Supervisory Board ensured operational efficiency and strengthened the oversight process. Throughout the reporting period, the Management Board provided unwavering support to all organizational departments, units, and employees engaged in various projects and procedures. It also maintained active communication with all interested parties, contributing to the Company’s smooth and compliant operations.

All resolutions of the Management Board in 2025 were adopted through a transparent procedure and supported by the necessary documentation. All resolutions made by the Management Board have appropriate legal, economic, and corporate governance backgrounds. Minutes were prepared for each meeting and duly signed by the members of the Management Board, in accordance with local legal requirements. The Board’s activities contributed significantly to the successful and profitable operation of the Company throughout the year.

All Resolutions and decisions presented by the Management Board, together with the supporting documentation, are located at the Company's headquarters, located at the Str. 11 Oktomvri 25, Skopje.

## 3. АКТИВНОСТИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР

Во извештајниот период, Управниот одбор на Друштвото донесе соодветни одлуки и презеде потребни мерки за управување во врска со следните важни прашања:

- Обезбедување дополнително приватно здравствено осигурување за вработените во Друштвото,
- Функционална поделба на недвижниот имот во сопственост на Друштвото,
- Усвојување на Планот за усогласеност за 2025 година,
- Измена на Правилникот за организација и систематизација на работните места на Друштвото,
- Усвојување на Извештајот за усогласеност на Друштвото со позитивните прописи за 2024 година,
- Усвојување на Годишниот извештај за работењето на Друштвото за 2024 година,
- Усвојување на Годишната сметка и финансиските извештаи на Друштвото за 2024 година,
- Усвојување на Извештајот на надворешниот ревизор на Друштвото за 2024 година,
- Усвојување на Актуарскиот извештај и актуарската потврда на Друштвото за 2024 година,
- Соработка со Агенцијата за супервизија на осигурувањето во врска со вршењето на теренска супервизија врз работењето на Друштвото,
- Разгледување на Извештајот на работата на внатрешната ревизија за 2024 година,
- Разгледување на Извештајот за самопроцена на квалитетот на функцијата на внатрешната ревизија за 2024 година за 2024 година.
- Усвојување на План за минимизирање на ИТ ризици за првиот, вториот и третиот квартал од 2025 година,
- Усвојување на Планот за обука за информациска безбедност за 2026 година,
- Усвојување на Планот за обука за заштита на личните податоци за 2026 година,
- Усвојување на Извештаите за работењето на Друштвото доставени до Надзорниот одбор,
- Усвојување на предлог - Одлука за покривање на утврдената загуба во годишната сметка и финансиските извештаи на Друштвото за деловната 2024 година,
- Усвојување на предлог - Одлука за исплата на дивиденда за деловната 2025 година и усвојување на дивиденден календар,

## 3. OPERATIONS OF MANAGEMENT BOARD

In the reporting period, the Management Board of the Company adopted appropriate resolutions and undertook necessary management actions regarding the following important issues:

- Providing additional private health insurance for the Company employees,
- Functional division of the real estate owned by the Company,
- Adoption of the 2025 Compliance Plan,
- Amending the Book of Regulations for organization and systematization of the job positions of the Company,
- Adoption of Company 2024 Compliance Report,
- Adoption of Company 2024 Annual Report,
- Adoption of Company 2024 Annual Account and Financial Statements,
- Adoption of Company 2024 External Auditor Report,
- Adoption of Company 2024 Actuarial Report and Actuarial Certificate,
- Cooperation with the Insurance Supervision Agency regarding the performance of on-site supervision over the operations of the Company,
- Review of 2024 IA Report.
- Review of Report on Self-Assessment of the Quality of the IA Activity.
- Adoption 2025_Q1, Q2 and Q3 IT Risk Minimization Plan,
- Adoption of the 2026 Information Security Training Plan,
- Adoption of the 2026 Data protection Training Plan,
- Adoption of Company Operation Reports submitted to the Supervisory Board,
- Adoption of a proposal Resolution to cover the determined loss in the Annual Accounts and Financial Statements of the Company for the business year 2024,
- Adoption of a proposal Resolution for payment of dividend for the business year 2025 and Dividend Calendar,

- Усвојување на Извештаи во врска со процесот на управување со ризици и процесот на управување со ризици од усогласеност (извештаи кои беа доставени до соодветните оддели на VIG).
- Транспонирање и спроведување на политиките, процедурите и упатствата на ВИГ во оперативните процеси на Друштвото,
- Свикување на Годишното собрание на акционери за деловната 2024 година,
- Свикување на Собранието на акционери на кое беше усвоена одлука за промена на функциите на некои од членовите на Надзорниот одбор на Друштвото
- Свикување на Собранието на акционери на кое беше потврдена оставката на член на Надзорниот одбор и беше усвоена одлука за назначување на нов член на Надзорниот одбор.
- Продажба на недвижен имот во сопственост на Друштвото.
- Донесување на различни одлуки во врска со процесот на откажување на договори за вработување поради деловни причини.
- Одобрување на спроведувањето на внатрешните политики, процедури и упатства, кои се однесуваат на работењето на Друштвото.
- Донесување на одлука за одобрување на документи (интерни политики, процедури и акти) на Друштвото во врска со сертификатите ISO 27001:2022, ISO 27701:2019, ISO/IEC 22301:2019,
- Усвојување на Актуарски извештај,
- Усвојување на квартални Извештаи за работењето на Друштвото за 2025 година,
- Усвојување на Извештајот сопствена процена на ризици и солветност за 2025 година, кој беше доставен до Надзорниот одбор на компанијата за разгледување и одобрување,
- Усвојување на Буџетот и Планот за работа на Друштвото за 2026 година,
- Усвојување на Правилата за управување со ризици за 2026 година,
- Усвојување на Стратегија за реосигурување на Друштвото,
- Усвојување на Програма за реосигурување за 2026 година,
- Усвојување на Договори за реосигурување за 2026 година,
- Усвојување на Стратегија за инвестиции и ризици за 2026 година,
- Усвојување на Анализа на ризик од санкции,

- Adoption of reports regarding enforced risk management process and compliance risk management process (reports that were submitted to VIG competent departments).
- Transposing and implementing VIG policies, procedures, and guidelines in Company operational processes,
- Convening of the Annual Shareholders' Meeting for the business year 2024,
- Convening of the Shareholders' Meeting on which a resolution for change of functions of some of the members of the Supervisory Board of the Company was adopted.
- Convening of the Shareholders' Meeting on which a resignation of a member of the Supervisory Board was confirmed and a resolution to appoint a new member of the Supervisory Board was adopted.
- Sell of Company-owned real estate
- Adoption of different resolutions regarding the redundancy process.
- Approval of implementation of internal policies, procedures, and guidelines, that apply to the Company operations.
- Adoption of a resolution for approval of documents (internal policies, procedures, and acts) regarding Company ISO 27001:2022, ISO 27701:2019, ISO/IEC 22301:2019 Certificates,
- Adoption of Actuarial Report,
- Adoption of the Quarterly Reports on the Company's Operations for 2025,
- Adoption of ORSA Report 2025, which was delivered to the Supervisory Board of the Company for review and approval,
- Adoption of Company Budget and Plan of Operation for 2026,
- Adoption of Risk Management Rules 2026,
- Adoption of Company Reinsurance Strategy,
- Adoption of Reinsurance Program 2026,
- Adoption of Reinsurance Agreements 2026,
- Adoption of Investment and Risk Strategy 2026,
- Adoption of Sanction Risk Analysis,

- Усвојување на одлука за спроведување на попис на Друштвото за 2025 година.
- Усвојување на одлука за пресметка на стапки за придонес за пожар за 2026 година,
- Усвојување на одлука за почетни резерви за штети за 2026 година,
- Усвојување на одлука за преглед на деловниот процес на Друштвото за 2025 година,
- Други одлуки кои се во тек овластувањето на Управниот одбор на Друштвото.

Управниот одбор ги одобри сите одлуки донесени во извештајниот период следејќи транспарентна постапка заснована на професионален и непристрасен пристап со цел сите барања да бидат исполнети според позитивните зпрописи и по претходно мислење издадено од стручните служби на Друштвото.

## 4. ЗАКЛУЧОК

Работата на членовите на Управниот одбор, како што е нотирано во овој Извештај, беше разгледана колективно. Важно е да се напомене дека секој член на Управниот одбор учествуваше и гласаше за одобрување на секоја одлука односно заклучок на секоја седница на која членот на одоборот беше присутен.

Оперативните активности на Управниот одбор спаѓаат во веќе утврдената законска рамка за неговите одговорности и обврски и се во согласност со основните акти што ја одредуваат деловната политика на Друштвото.

Сите членови дадоа значаен и соодветен придонес во функцијата на Управниот одбор и управувањето со Друштвото.

Сите прашања во врска со одобрените одлуки и преземените активности од страна на Управниот одбор може да се упатат директно до членовите на Управниот одбор. Членовите на Управниот одбор можат да дадат детални објаснувања за секоја одобрена одлука и секоја преземена активност.

- Adoption of resolution for conducting Company 2025 inventory,
- Adoption of a Resolution for the calculation of rates for fire contribution for 2026,
- Adoption of a Resolution for initial clams’ reservations for 2026,
- Adoption of a Resolution for the 2025 review of the Company business process,
- Other resolutions are in the authority of the Management Board of the Company.

The Management Board approved all resolutions issued in the reporting period by following the transparent procedure based on a professional and unbiased approach for the purpose that all requirements are met by the positive statutory regulations and upon prior opinion issued by the Company competent departments.

## 4. CONCLUSION

The work of the members of the Management Board, as noted in this Report, was reviewed collectively. It is important to emphasize that each member of the Management Board participated in and voted for the approval of every decision or conclusion at each session at which the member was present.

The operating activities of the Management Board fall within the already determined legal framework for its responsibilities and obligations and comply with the fundamental acts determining the business policy of the Company.

All members provided a significant and appropriate contribution to the Board function and for the Management of the Company.

All questions regarding the approved resolutions and undertaken activities by the Management Board can be addressed directly to the members of the Board. The members of the Management Board can provide detailed explanations for every approved resolution and every undertaken activity.

**УПРАВЕН ОДБОР/ MANAGEMENT BOARD**

Претседател на Управен одбор/ President of the Management Board

__________________________________

**Бошко Андов/ Bosko Andov**

Член на Управен одбор/ Member of the Management Board

__________________________________

**Весна Ѓорчева/ Vesna Gjorcehva**

Член на Управен одбор /Member of the Management Board

__________________________________

**Татјана Димов/ Tatjana Dimov**

Член на Управен одбор /Member of the Management Board

__________________________________

**Озрен Марјановиќ/ Ozren Marjanovic**